## Наративен извештај за активностите на Сојуз за младинска работа

## 2017

### Вмрежување и градење на партнерства и зајакнување на капацитетите на СМР

Во 2017 година СМР започна поинтензивна комуникација со различни релевантни чинители како Одбор за национална рамка за квалификации, Министерство за образование и наука, Институтот за социјална работа и политика, Филозофски факултет, надворешни универзитети и факултети, Центар за образование на возрасни и Центар за стручно образовние и сл. и беше посветена на градење на врски со останатите организиции за млади, младински организации и мрежи. Истовремено, СМР се посвети на зајакнување на своите внатрешни капацитети и стратешко планирање на својот развој и работа.

### Истражување за потребата од препознавање на младинската работа

Во согласност со својата мисија и цели, а како дел од проектот, СРМ спроведе истражување: Младинска работа, да се биде или не?, со цел да утврди дали е препознаена потребата од младинската работа во Македонија како и да истражи кои од придобивките од младинската работа се препознаени на територија на Македонија; да ги мапира и опише местата каде е препознаена потребата од младинската работа во Македонија како и корисниците на услугите на младинската работа и да истражи дали нивото на информираност за младинската работа влијае на признавањето и препознавањето на потребата од младинската работа, корисниците на нејзините услуги, придобивките од истата како и места каде може да се применува

### Стандард на занимање: Работник со млади

Во 2017 година, Сојузот за младинска работа беше активен во процесот за подготовка и усвојување на Стандардот на занимање: Работник со млади, подготвувајќи го стандардот во рамките на проектот Обединети младински работници спроведуван од Младински културен центар Битола и Здружение на млади Креактив.